ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
КИ.бр.301/2010
КИ.бр.346/2010
13.12.2011 година
ВЕЛЕС

Врз основа на одредбата која е содржана во член 117 став 4 од Законот за кривичната постапка, на 13.12.2011 година на огласната табла на Основен суд Велес се

ИСТАКНУВА

Известувањето кое под КИ.број 301/2010 и КИ.бр.346/2010 беше упатено од страна на Истражниот судија на Основен суд Велес до оштетениот Јованов Блажо од Стар Дојран со кое се известува дека е запрена истрагата против обвинетиот Саша Стефаноски од Скопје, поради постоење на основано сомнение дека извршил кривично дело „Бесправно градење“ според член 244-а став 1 од Кривичниот законик, поради откажување на Основниот јавен обвинител од Велес, од понатамошно кривично гонење и со кое се упатува на правото за превземање на кривичното гонење на обвинетиот со тоа што евентуално до Основниот суд во Велес ќе поднесе предлог за дополнување на истрагата или ќе поднесе обвинение.

Со истекот на рокот од осум (8) дена сметано од денот на истакнувањето на огласната табла на Основен суд Велес, ќе се смета дека до оштетениот Јованов Блажо од Стар Дојран, е извршено полноважно доставување на известувањето кое под КИ.број 301/2010 и КИ.бр.346/2010 беше упатено од страна на Истражниот судија на Основен суд Велес.

Истражен судија

Бојанчо Донев